РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-991/4
04-06-2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 19 – та седница одржана на ден 02.06.2025 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр. 08-2010/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-2010/1 од 19.07.2024 година.

Предметот со број 08-2010/1 од 19.07.2024година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-2010/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ------------------- согласно член 82 став 3 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси во законски предвидениот рок по престанок на функцијата ------------------, казнив по член 109 од ЗСКСИ, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до лицето -----------------. Истиот нема постапено согласно издадениот прекршочен платен налог по што ДКСК изготви и достави Барање за поведување прекршочна постапка со број 08-2010/5 од 30.12.2024 година до Прекршочната комисија при ДКСК.

Прекршочната комисија на ден 10.04.2025 година донесе РЕШЕНИЕ во кое лицето ------------------- го прогласи за ОДГОВОРНО.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Б.С., советник
Контролирал: м-р. Н.Т.М., р.о.
Согласен: К.З., р.с.
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК